UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW



# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2019, ISSUE NUMBER 7

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 7 VOLUME VII

YEAR 2019

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2019, Issue Number 7**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Irena Mancheva, student

**Editor in chief**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

# С О Д Р Ж И Н А

**АНАСТАСОВА Весна**
*Формални механизми за контрола и примена на меѓународните стандарди на трудот* ............3

**ДИМЕСКА Наташа**
*Протоколи на интервјуирање на социјалниот работник на дете - жртва на полов напад*....11

**ДОНЕВА Наташа**
*Меѓународно воено /хуманитарно право* ........................................................................29

**ЃЕНОВСКА Анкица**
*Демократските капацитети и стуктурнаta поставеност на советите на општините во источно-плански регион* ........................................................................41

**INFANTE Ilaria**
*Riflessioni sul principio dell'immunità giurisdizionale delle organizzazioni internazionali a seguito della sentenza "jam et al. V. International finance corporation" della corte suprema degli stati uniti.* ........................................................................69

**КОЦЕВА Анастазија**
*Истанбулската Конвенција – за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство* ........................................................................75

**МИЛЕВ Благој**
*Пренос на ризикот од случајно пропаѓање или оштетување на предметот кај договорот за продажба*........................................................................85

**МИЛИНКОВИЌ Мартин**
*Право на правично судење* ........................................................................95

**МИТЕВСКИ Андреј**
*Историски развој на затворскиот систем во САД* ........................................................................103

**НЕДЕВ Иван**
*Кривично дело - силување*........................................................................111

**ПЕТКОВСКА Сања**
*Одговорност за материјални недостатоци на предметот на продажбата во договорот за продажба*........................................................................121

**СИМОНОВ Александар**
*Анализа на Шмитовата концепција „пријател и непријател" и нејзина примена во меѓудржавните односи* ........................................................................129

**ТРАЈКОВСКА АНЧЕВСКА Жаклина**
**ДИМЕСКА Наташа**
*Фактори кои влијаат на квалитетот на живот и социјалната инклузија и нивно различно дефинирање*........................................................................137

**ДИМЕСКА Наташа**

**УДК: 364.633-053.2:364-43]:005.571**
**343.541/.542-053.2:364-43]:005.571**

## ПРОТОКОЛИ НА ИНТЕРВЈУИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК НА ДЕТЕ - ЖРТВА НА ПОЛОВ НАПАД

**Апстракт:** Позицијата на социјалниот работник е централна за управување со случаи на сексуална злоупотреба на деца, особено во аспектот на координација и заштита на децата.

Дури и ако социјалниот работник не е лицето кое се сомнева во сексуалната злоупотреба која ја доживеало некое дете, или пак е информиран од другите органи, сепак раководи со случајот.

Во случаите на делумно откривање, каде зборот на детето е прифатен како prima facie, односно доказ за злоупотреба, социјален работник, заедно со полицијата иницира истрага затоа што се случило, за семејните околност и и односите на детето и неговата непосредна заштита. Ова вклучува формално интервју, кое најсоодветно го раководи социјален работник и полициски службеник. Ова често е првиот и клучен контакт направен со детето – жртва, со неговите родители или старатели.

Со ова формално интервју се проценува безбедноста на детето во семејството, како и планот за заштита, советување и терапија, кои во голема мера се потпрени на информациите добиени од социјалниот работник, во рамките на формалното интервју.

Во пракса се соочуваме со различни протоколи за интервјуирање на децата жртви на сексуална злоупотреба, кои најчесто користат форензички пристап за добивање информации.

**Клучни зборови**: *пракса, заштита, форензички пристап, третман*

**DIMESKA Natasha**

**UDK: 364.633-053.2:364-43]:005.571**
**343.541/.542-053.2:364-43]:005.571**

## PROTOCOLS OF SOCIAL WORKER INTERVIEWING CHILD - VICTIM OF SEXUALABUSE

**Abstract:** The position of social worker is central in process of managing cases with child sexual abuse, especially in the aspect of coordination and protection of children.

Even when social worker is not the person who suspected of sexual abuse that has been experienced by a child, or is informed by other authorities, he still manages the case. In cases of part detection of abuse, where the child's word is accepted as prima facie, is evidence of abuse, a social worker, together with the police, initiates an investigation into what happened, the family circumstances and the child's relations and his immediate protection. This includes a formal interview, which is most appropriately managed by a social worker and a police officer. Often this will be the first and key contact will be made with child parents or guardians.

This formal interview assesses the child's safety in the family, as well as the protection, counseling and treatment plan, which largely rely on information received from the social worker, within the formal interview.In practice we meet different protocols for interweaving sexually abused children, who have forensic approach.

**Key words**: *practice, protection, forensic approach, treatment*

## ВОВЕД

Центарот за социјални работи се јавува како орган надлежен за да презема мерки за заштита на личноста, правата и интересите на детето.

Сексуалната злоупотреба на деца е таков вид на злоупотреба во која возрасен, или постар адолесцент злоупотребува дете за сексуална возбуда. Како сексуална злоупотреба на деца се смета и прашувањето или присилувањето на дете да се впушти во сексуален однос (без разлика на исходот), недостојното покажување на гениталиите на дете, прикажувањето на порнографија пред дете, вистински сексуален однос со дете, физички контакт со гениталиите на детето, гледањето на гениталиите на детето без никаков физички контакт, или употребата на дете за продукција на детска порнографија.

Според законот за правда на децата, чл. 19, дете жртва е секое дете на возраст до 18 години кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело.[1]

Сексуалната злоупотреба е кривично дело кое ја нарушува безбедноста на детето, па затоа социјалните центри се оние кои ја имаат првичната одговорност во ваквите случаи. За да се заштити детето од понатамошна злоупотреба и да се започне што поскоро процесот на ресоцијализација, социјалиот работик е оној кој треба што поскоро да ги собере сите детали од сексуалната злоупотреба.

За сексуалната злоупотреба може да говори само оној кој ја извршил и детето кое било жртва, токму затоа децата лесно потпаѓаат под заканите на злоставувачот и тешко се решаваат да посведочат за злоупотребата.

Значајно прашање за анализата на постапувањето на Центар за социјална работа (ЦСР) е секако активирањето на надлежноста. Според истражувачките резултати добиени од анализата на достапните досиеја на деца жртви на сексуална злоупотреба, произлегува дека во 82,5% од анализираните случаи активноста на ЦСР е иницирана со известување од полиција што го актуелизира прашањето за довербата на граѓаните во Центрите за социјална работа, и чувството на заштитеност кое тие треба да им го разбудат.

Сосема е јасно дека процентот на случаи на упатување од училиштата и лицата што се грижат за децата (родител, старател итн.) до ЦСР е многунизок, 1% и 3%.[2]

Процедурите се направени да ги почитуваат основните принципи од кои произлегуваат сите членови на Конвенцијата за правата на детето, и тоа:

- недискриминација;
- најдобрите интереси на детето;
- право на живот, опстанок и развој;

[1] Закон за правда на децата.

[2] Виолета Чачева, Стојанка Мирчева UNICEF – „Запоставени и жигосани".

- право на учество (партиципација во донесување на сите одлуки што се од негово значење). [3]

Процедурите се однесуваат на сите деца-жртви без дискриминација, односно без обѕир на семејниот статус, етничкото потекло, кривично-правниот статус и која било друга социјална или индивидуална карактеристика (раса, боја на кожата, пол, јазик, вероисповед, националност, ментална, физичка или друга специфичност на малолетното лице и неговото семејство или членови на семејството).

Процедурите промовираат создавање на посебна околина за разговор со децата-жртви, односно посебни простории за испитување-разговор со дете-жртва, преку користење на современи визуелно-тонски средства, односно технички средства за комуникација.

Целта е процедурите да претставуваат еден сеопфатен водич со упатства за најразличните професии или институции во областа на „правда за деца“, но и да се подобри компетентноста на професионалците кои постапуваат со деца-жртви и да се зголеми чувствителноста на овие професионалци. Овие процедури се први во серијата од насоки и документи за деца-жртви и имаат за цел да се постават стандарди на практика, со што значително ќе се подобри квалитетот на услугите за децата-жртви, но истовремено и ќе се преземат како репер за секоја организација или лица што се вклучени во системот „правда за децата“.

Овие процедури треба да овозможат:

- да се придонесе во унапредувањето на благосостојбата на децата, преку оневозможување на насилството и да се намали ефектот од секундарната виктимизација во кривичната постапка;
- да придонесе во обезбедувањето дека сите преземени мерки, дејствија и активности и донесени одлуки во текот на кривичната постапка ќе бидат во најдобрите интереси на детето;
- да овозможи воспоставување ефикасни и единствени процедури, кои ќе обезбедат постојана забрзана и координирана постапка, која ќе ги штити децата-жртви од понатамошна виктимизација и ќе им обезбеди соодветна помош;
- да придонесе во остварување на ефикасен проток на информации помеѓу организациските единици во министерствата и другите државни органи и служби, вклучени во процесот на заштита на децата-жртви;
- да ги препознаат и оформат знаењата на професионалците за целокупната национална и меѓународна релевантна регулатива за децата, кои се јавуваат како жртви на насилство или на кривични дела;
- да ги истакнат мерките на помош и заштита, кои можат да се користат во секоја фаза на постапката, а со цел да се намалат или да се елиминираат штетните ефекти на насилството или кривичното дело врз детето-жртва и добивање сознанија за најсоодветната мерка која треба да ја примените, која би дала најдобар резултат со најмало ограничување или суспендирање на засегнатите права на жртвата;
- да им помогнат и да ги насочат за тоа кои права им припаѓаат на децатажртви на насилство или кривични дела, а особено кои права им припаѓаат во постапката за обесштетување;
- да примени методи и техники на разговор со дете-жртва, кои се најсоодветни во постапката на испитување на дете-жртва на насилство или кривично дело, а со

[3] Нанев,Лазар и Илиевски,Јован и Јаковцевска,Лидија и Кошевалиска,Олга (2014) Процедури за постапување со дете – жртва.

цел да се избегне дополнителна виктимизација или искривување на настанот што би довело до негово поинакво доживување и преживување; Процедури за постапување со дете - жртва 15;

- да се запознаете со најдобрите техники со кои кривично-правниот настан што го има преживеано детето, при првичното испитување, ќе успеете да го ставите во „карантин“, а воедно да се стекнете со најмногу информации;
- да се промовира создавање посебна околина за разговор со деца-жртви, односно посебни простории за испитување-разговор со дете-жртва преку користење на современи визуелно-тонски средства, односно технички средства за комуникаци[4]ја.[5]

Конвенцијата за правата на детето во чл. 3 го прокламира овој принцип на најдобрите интереси на детето, давајќи му важност на стожерно начело кое треба да биде имплементирано во сите документи и инструменти кои ги засегаат децата. Во таа смисла, сите активности што се однесуваат на децата, интересите на детето, се од примарно значење, без оглед на тоа дали ги спроведуваат јавните или приватните институции за социјална заштита, судовите, административните органи или законодавните тела.

Од особена важност за упатствата е и дефиницијата „секундарна виктимизација“ за значењето на поимот. За целите на прирачникот ја применуваме дефиницијата на ОН: „Секундарната виктимизација се однесува на понатамошната виктимизација што не се појавила како директен резултат на кривичното дело, туку преку постапување со жртвата од страна на институциите и/или поединците. На пример, може да се појави кога жртвата се присеќава на настаните, при сведочење во судот или во присуство на сторителот“.[6]

**Формално интервју**

Разговорот со децата-жртви треба да го врши полициски службеник, кој е обучен да работи со деца. Изјавите на детето-жртва треба да се евидентираат и/или да се направи видео снимка со претходно информирање и добиена согласност од жртвата. Со тоа ќе се обезбеди сигурност дека детето-жртва нема да биде изложено на повеќекратни разговори во текот на постапката и на повторна виктимизација.

Траумата може да влијае врз сеќавањето на жртвата, а какви било недоследности во одговорите што ги дава жртвата не треба да се сметаат за лага. Децата-жртви од страна на полициските службеници се сослушуваат во посебна просторија. Разговорот се води само еднаш. Зошто? Поради заштита на жртвата од негативните последици на секундарната виктимизација и Процедури за постапување со дете - жртва 43 поради создавање на пријатни, што е можно „поприродни“ услови за давање и добивање на нејзин квалитетен исказ, кој ќе биде валиден и ќе може да послужи како доказ во судската постапка.

Правилата што се однесуваат на вршење распит на дете-сторител на кривично дело треба да се следат и во случај на дете-жртва.

---

[5] Нанев,Лазар и Илиевски,Јован и Јаковцевска,Лидија и Кошевалиска,Олга (2014) Процедури за постапување со дете – жртва.

[6] Нанев,Лазар и Илиевски,Јован и Јаковцевска,Лидија и Кошевалиска,Олга (2014) Процедури за постапување со дете – жртва.

А) КАДЕ се води разговорот?
- во специјална просторија приспособена за работа со деца,
- разговорот не треба да се води во станот каде што живее детето,
- разговорот не се води на местото на настанот.

Б) КОГА се води разговорот?
- разговорот се води што е можно побргу по настанот.

В) КОЈ го води разговорот?
- полициски службеник кој е обучен да работи со деца,
- стручно лице од ЦСР во присуство на полициски службеник,
- доколку има соба со скрин стакло, стручно лице од ЦСР, а полицискиот службеник го следи разговорот од другата просторија.[7]

Интервјуто со детето кое е жртва на полов напад на некој начин му дава причина на детето да разговара слободно со возрасен во кој има доверба и затоа истото треба да биде извршено во релаксирачка атмосфера.

Според Законот за правда на децата на Републка Северна Македонија, Чл. 4,

> (1) Детето има право да биде информирано од сите институции кои доаѓат во допир со него, за неговите права кои вклучуват должности и одговорности пропишани со Конвенцијата за правата на детето и другите меѓународни документи за правата на децата, со овој закон и со други закони.
> (2) Детето има право да биде испитано и сослушано и подучено за правата во таа постапка и за самата постапка.
> (3) Во секоја судска и вонсудска постапка во која учествува, детето има право активно да учествува во носењето на одлуки во неговиот живот и да даде свое мислење.[8]

Токму овој закон ја гарантира безбедноста и сигурноста на детето за време на истражувачките постапки во Чл. 6 :

> (1) Децата жртви на дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела ги имаат истите права што ги имаат и полнолетните лица жртви пред, за време и по завршувањето на кривичната постапка, како и посебните права признати со Конвенцијата за правата на детето и другите ратификувани меѓународни договори.
> (2) Децата жртви на дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и децата сведоци уживаат засилена заштита и поддршка од сите институции, органи и поединци во системот на правда за децата, со цел да се намалат негативните последици врз нив од кривичното дело и да се спречи негативното влијание на постапувањето на институциите врз правилниот развој на детето и да се поттикнат да побараат заштита пред надлежен суд. [9]

---

[7] Нанев,Лазар и Илиевски,Јован и Јаковцевска,Лидија и Косевалиска,Олга (2014) Процедури за постапување со дете – жртва.

[8] Закон за правда за децата.

[9] Закон за правда на децата.

Ова интервју има истражувачка и терапевтска страна кога е водено од социјалниот работик. Истражувачката страна е наменета за собирање на податоци. Во 1991 година со посебен акт во Criminal Justice Act е дозволено снимање на овие интервјуа.
Детето е она кое најчесто ги знае сите детали за злоупотребата, затоа што таа речиси секогаш се случува без сведоци (некогаш дури и кога се злоставувани браќа и сестри во истата куќа никој не знае за злоупотребата на другиот, бидејќи од страв не си кажале).
Децата не заборават брзо како возрасните, но нивната немоќ за издвојување на важните детали, поради несвесност колку се тие важни е проблем при собирањето на сите податоци за време на интервјуто.[10]
Според законот за правда на децата Член 147
Како посебни мерки на процесната заштита при давањето исказ, судот може да определи:

- користење на екрани за заштита на жртвата и сведокот од погледот на обвинетиот,
- прикривање на идентитетот или на изгледот,
- давање исказ преку видеоконференција,
- отстранување на тогите и капите,
- исклучување на јавноста,
- видео и аудио запис на исказот кој ќе се користи како доказ,
- видео и аудио запис од распитот кој ќе се користи како доказ,
- земање исказ преку посредство на стручно лице,
- употреба на посебни технички средства за комуникација и
- заштита на приватноста на детето и на неговото семејство.

**НА КОЈ НАЧИН ДЕЦАТА МЕМОРИРААТ/ПОМНАТ?**

- Не постои вербална меморија на возраст под 28 месеци,
- На возраст од 28 до 36 месеци постои само меморија во фрагменти,
- Наративната меморија се јавува на возраст на 36 месеци.

## *I. РАНИ СПОМЕНИ*

Резултатите од повеќе спроведени студии укажуваат на тоа дека:

- 2 години – не може да се добие информација преку интервју,
- 3 години – може да се добие одредена информација,
- 4 години – може да се спроведе форензичко интервју.[11]

**Што зависи од квалитетот на сведочењето на детето?**

Најважни фактори кои влијаат врз квалитетот на добиената изјава:

- Способноста на лицето што го спроведува интервјуто да добива информации,
- Способноста и подготвеноста на детето да ги даде информациите, а не неговата способност да се потсети на нив,
- Експертот е онојшто е одговорензаквалитетотнасведочењетонадетето.

## *II. ПРИРОДАТА НА ПРОЦЕСОТ НА ПОМНЕЊЕ*

[10] American Professional Society on the Abuse of Children. 2002. Practice Guidelines: Investigative Interviewing in Cases of Alleged Child Sexual Abuse. Chicago, IL: APSAC.
[11] Berliner, L., Hyman, I., Thomas, A., and Fitzgerald, M. 2003. Children's memory for trauma and positive experiences. Journal of Traumatic Stres.

1. Кодирање → 2. Складирање → 3. Потсетување

Интензитетот и организирањето на складираните информации можат да бидат засегнати од:
*1. Текот на времето,*
*2. Бројот на повторувања на искуството,*
*3. Природата на настанот.*

Што е она што го помниме?
**1.** Настани што се случиле еднаш – посета на луна-парк, скршена рака...
**2.** Настани што се повторуваат – појадок, роденден…

Помнење настани што се повторуваат:
1. „Скрипта“ меморија и
2. Помнење настани.

***Реконструктивна природа на процесот на помнење***
- Помнењето е конструктивно - понекогаш ги додаваме, бришеме и ги обликуваме сопствените спомени и искуства;
- Овие трансформации се случуваат во фазите на кодирање, складирање и сеќавање;
- Зачуваните, но изгубени детали се надополнуваат во согласност со нашите претходни искуства и очекувања;
- Процесот на препознавање може да ја промени нашата меморија.[12]

Испитувачот никако не смее да биде нервозен и исплашен, или со било какви предрасуди пред почетокот на интервјуто, бидејќи тоа ќе се пренесе на децата. Тој мора да биде „опенмајндед“, без претходни заклучоци за ситуацијата и детето. Интервјуто мора да е прилагодено на возраста на детето и прашањата некогаш треба да се повторуваат, дури и променуваат во од, за да ги разбере детето (пример: дете од три години не смее да се прашува во кој ден е извршена злоупотребата, затоа што познавањето на деновите од неделата не е дел од неговиот развој).[13]
За време на интервјуто внимателно треба да се следат зборовите на детето, посебно спонтаните коментари за да се соберат повеќе детали за сексуалната злоупотреба. Насоките и сугестиите се строго забранети, а тие треба да бидат заменети со спонтано охрабрување на детето за што подетално опишување на случувањата.
Со оглед на фактот дека припадниците на МВР и Центрите за социјална работа се оние кои први стапуваат во контакт со жртвата по пријавувањето на злоупотребата истите треба да имаат соодветна подготовка за што побрзо итервјуирање на жртвата, за прибирање на максимум податоци, за да се заштити детето од повторни испитувања или соочувања со сторителот.
Досегашните истражувања покажуваат дека социјалните работници се носители на иницијалните интервјуа со децата жртви, што влијае на заштитната функција која ја имаат центрите за социјална работа.

*Зошто е потребно да се поставуваат отворени прашања?*

---

[12] Berliner, L., Hyman, I., Thomas, A., and Fitzgerald, M. 2003. Children’s memory for trauma and positive experiences. Journal of Traumatic Stress.
[13] Danya Glaser & Stephen Frosh – Child sexual abuse.

- **Поточни информации** се добиваат преку отворени прашања – потребно е навраќање на некои спомени, а не препознавање на понудените опции:
- **Ризици од користење на прашања со да / не одговори и сугестивни прашања** - поттикнува согласност без оглед на точните информации (особено кај децата под 6 години) (Faller/Фолер, 2015 година; Anderson/Андерсон, Anderson and Krippner/Андерсон и Крипнер, 2016 година; La Rooy et al./Ла Рој и сор., 2015 година);
- Децата на возраст од 4 години можат да дадат значителен број на важни информации за наводната сексуална злоупотреба со одговарање на отворени прашања (Anderson et al./Андерсон и сор., 2010 година);
- **RATAC** (Протокол за форензичко интервју од страна на "The Corner House", Anderson/Андерсон, 2013) - Протокол за интервју на дете жртва на сексуална злоупотреба (Anderson et al./Андерсон и сор, 2010 година);
- **Протокол за "Step-wise"** ("Step wise" интервју, Протокол за интервјуирање на деца според Yuille et al./Јуил и сор. 1996 година).

**<u>Основни постапки за спроведување на интервју</u>** (различни протоколи)

0. подготовка на интервјуто (пред да започне интервјуто),
1. започнување на интервјуто,
2. воспоставување на однос,
3. проценка,
4. прибирање информации,
5. завршување на интервјуто.[14]

**Jones (1990)** ги опишал петте фази на интервјуто со дете жртва на полов напад.

- Во првиот дел се прави еден вид извештај за детето, за неговото детство, училиштето, пријателите и родителите. Во овој дел често децата сакаат да бидат информирани дали тоа што ќе го кажат на професионалецот, ќе го дознаат нивните блиски личности. Во овој дел токму затоа треба да се внимава со давањето ветувања дека сè ќе остане тајно, затоа што често нема доволно услови за тоа.
- Во вториот дел се прават мали објаснувања за поимот сексуална злоупотреба, кои се комбинирани со прашања за детето, за тоа што ја предизвикало кај него таа мометална нервоза и вознемиреност, со што истото се мотивира за една спонтана дискусија. Доколку детето сепак не започне да раскажува мора да се започне со водење на едно структурирано интервју, во кое ниту едно прашање не смее да биде сугестибилно, бидејќи детето може да започне да дава одговори кои смета дека испитувачот сака да си слушне. Ако тонот и прашањата звучат нарденички, децата може да даваат кратки и лажни одговори од типот ДА и НЕ, за што побрзо да го завршат разговорот.
- Кога детето веќе ќе ја признае доживеаната сексуална злоупотреба започнува третата фаза на интервјуто во која може да се користат кукли кои ќе им го олеснат процесот на објаснување на истата. Тоа се анатомски кукли кои се сосема невини па ниту на еден начин не може да го наведат детето на давање некаква изјава. Злоставуваните деца веднаш ја земаат машката кукла, се груби со неа, а некогаш знаат и ведаш да ја соблечат и да покажуваат на неа експлицитни сексуални сцени. Ваквите дејства јасно покажуваат дека децата имаат несоодветнна

[14] Brubacher, S.P., Malloy, L.C., Lamb, M.E., and Roberts, K.P. 2013. How do interviewers and children discuss individual occurrences of alleged repeated abuse in forensic interviews? Applied Cognitive Psychology.

сексуална информираност за својата возраст што јасно укажува на фактот дека истите биле дел од сексуална злоупотреба или биле сведок на истата.

- Покажувајќи на куклите како се одвивала сексуалната злоупотреба децата може да покажат и зборови со кои се опишуваат интимните подрачја, со што се олеснува целиот процес на давање вербални изјави за она што го доживеале.
- Четвртата фаза подразбира собирање на специфични детали за злоупотребата, каде и како била извршена, дали злоставувачот се служел со поткуп или некакви закани, дали имало вмешани droги или некаков тип порнографија, но и детали за идетитетот на сторителот.
- Во завршната петта фаза од итервјуто децата може да ги опишат своите чувства од злоупотребата, проблемот осо изразување на истите, но и со справување со истите во секојдневото функционирање.[15]

Дали децата ја кажуваат вистината? Е прашање кое често се поставува, бидејќи кредибилноста на децата може да се доведе под знак прашалник често, но според истражувањата децата над 5 години се многу веродостојни сведоци, но поради малкуте зборови со кои располагаат оддаваат впечаток дека имаат слабо помнење за целата ситуација.[16]

Истражувањата направени со поставување на децата само сугестибилни прашања покажале дека децата потешко потпаѓаат под туѓо влијание, дури и децата под 5 години кои тешко даваат наративни одговори не ја променуваат својата изјава за доживеана сексуална злоупотреба (Schwartz-Kenney, Wilson and Goodman 1990). Но сведочењето на суд има лошо влијание врз детето, бидејќи при соочувањето со сторителот ним им се враќаат сите емоции.

- **Протокол на Националниот институт за детско здравје и човечки развој (NICHD)** – Протокол на Националниот институт за детско здравје и човечки развој (NICHD) (2000-2011 година). Целта на протоколот е да се користат препораките од темелно истражување, кое сè уште се одвива, за со комплетни дефинирани чекори да се зголеми веројатноста од добивање на комплетна и прецизна инфирмација за време на интервјуирањето на дете – жртва.[17]

Протоколот во себе ги интегрира сознанија за мемориските функции и сугестибилноста на децата, а токму затоа може да се користи во работа со деца за кои постои сомнеж дека биле жртви на полов напад или кога се сведоци на насилство.

Овој протокол од другите се разликува по својата неверојатна прецизност и практичност, односно има развиено мрежа на прашања кои доколку умешно се користат ја намалуваат веројатноста од креирање на сугестибилни ситуации за жртвата, кои би ја навеле на промена на првично дадените изјави.[18]

Протоколот на NICHD има три главни фази. Целта на пред-декларативната фаза е да се подготви детето за интервјуто, кој ќе биде присутен, како ќе се реализира. Токму во оваа фаза се исполнува правото на информаци, кое им е загарантирано на децата со

---

[15] Faller, K.C. (ed.). 2007. Interviewing Children About Sexual Abuse: Controversies and Best Practices. New York, NY: Oxford University Press.

[16] Berliner, L., Hyman, I., Thomas, A., and Fitzgerald, M. 2003. Children's memory for trauma and positive experiences. Journal of Traumatic Stress.

[17] Administration on Children and Families (2010, January). *National incidence study of child abuse and neglect (NIS-4), 2004–2009*. Available at **http://www.acf.hhs.gov/programs/opre/research/project/national-incidence-study-of-child-abuse-and-neglect-nis-4-2004-2009**.

[18] National Children's Alliance. 2011. Child-focused setting. In Standards for Accredited Members. Washington, DC: National Children's Alliance. Available online: www. nationalchildrensalliance.org/sites/default/files/download-files/ NCARevisedStandardsforMembers_0.pdf

Конвенцијата за детски права. Во оваа фаза децата се запознаваат со поимите вистина/лага (се проверуваат нивните предзнаења), но и давање дозвола дека децата слободно може да кажат „не знам“ на прашања на кои не го знаат одговорот, но и да побараат појаснување.
Потоа се започнува со разговор за неодамнешни настани кои воопшто не се поврзани со сексуалната злоупотреба, за да се изгради довербата меѓу детето и интервјуерот. Разговорот за злоупотребата започнува со отворени прашања, кои се покана за детален разговор за настанот. Ова е втората фаза на интервјуто каде се опишуваат настаните по редослед по кој се случиле.
Последната фаза, завршната фаза, му овозможува на детето да разговара за тоа како прв пат говорело за сексуалната злоупотреба, на кого му се доверило, кои посебни детали ги памети од настанот. Но тоа се теми кои детето само избира да разговара и да им посвети повеќе внимание.[19]
Интервјуто завршува со разговор на неутрална тема која е соодветна на развојот на детето и која му го привлекува интересот.
Протоколот NICHD е најистражувана алатка за интрвју на децата-жртви/сведоци (Lamb et al., 2007, 2008). Истражувањата направени во 2003 година покажале дека при примена на Протоколот за работа децата на возраст од четири до шест години дале значително поголем број на детали во своите одговори на отворените прашања наместо на сугестибилни затворени прашања кои во пракса се применувале до тогаш. Откривањето на злоупотребата при примена на правилата на Протоколот е дури 61% до 71% .[20]

Испитаници кои се потпираат на овој протокол:
- поставуваат отворени прашања **три пати** повеќе од вообичаено,
- поставуваат затворени или сугестивни прашања **два пати** помалку од вообичаеното,
- приближно **половина од** форензичките релевантни детали и **80% од** првичното откривање на сексуална злоупотреба ги стекнуваат со поттикнување на слободното сеќавање,
- подобро е да направат разлика дали добиените информации се вистинити.

**Фази на спроведување форензичко интервју**

1 фаза: Претставување,
2 фаза: Воспоставување однос,
3 фаза: Тестирање на епизодичната меморија,
4 фаза: Поставување прашања релевантни за случајот,
5 фаза: Истражување на случајот,
6 фаза: ПАУЗА,
7 фаза: Добивање на информации кои не биле спомнати претходно од детето,
8 фаза: Доколку детето не ги спомне информациите што ги очекувате,
9 фаза: Информации за разоткривање,
10 фаза: Завршување на интервјуто,

[19] Macleod, E., Gross, J., and Hayne, H. 201. The clinical and forensic value of information that children report while drawing. Applied Cognitive Psychology.
[20] Lamb, M.E., Sternberg, K.J., Orbach, Y., Esplin, P.W., Stewart, H., and Mitchell, S. 2003. Age differences in young children’s responses to open-ended invitations in the course of forensic interviews. Journal of Consulting and Clinical Psychology.

11 фаза: Неодредена тема.[21]

**ВИДОВИ НА ПРАШАЊА КОИ СЕ ПОСТАВУВААТ ВО ТЕКОТ НА ФОРЕНЗИЧАРСКИТЕ ИНТЕРВЈУА СО ДЕЦАТА-ЖРТВИ НА СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА**

Поставување прашања во однос на начинот на сексуална злоупотреба или занемарување на таквата злоупотреба.

**Видови на меморија во текот на интервјуто**
Потребно е да се провери:
**- шематска меморија** – она што најчесто се случувало
**-епизодична меморија -** помнење на одредени настани

Сексуална злоупотреба → со нагласување на епизодичната меморија
Занемарување → шематска меморија

**Поставување прашања кои се однесуваат на важни личности од животот на детето:**
**Отворени прашања кои поттикнуваат описи на личности и настани:**
- Прашања поврзани со грижата (занемарувањето),
- Физичка злоупотреба,
- Прашања поврзани со дисциплината и правилата,
- Насилство во семејството,
- Прифатливи прашања со Да/Не одговори,
- Поголем избор на прашања.

**ДА СЕ ИЗБЕГНУВА:**
- Да се избегнуваат прашања кои започнуваат со прашањето „зошто“!

*Дополнителни техники:*
- Анатомски цртеж,
- Цртежи на децата,
- Проективни техники. [22]

**Повторени прашања за време на форензичкото интервју**
Детските форензичари може често да ги повторуваат прашањата за да го направат истото што е можно појасно за детето, за да избегнат добоивање на нејасни и двосмислени одговори (La Rooy & Lamb, 2011).
Сепак, повторените затворени прашања понекогаш се сметаат за проблематични бидејќи може да ги предивикаат децата често да ги променуваат своите одговори и на тој начин да ја доведат својата веродостојност во прашање. (Lamb & Fauchier, 2001; Zajac, Gross & Hayne, 2003), верувајќи дека се интервјуерот е незадоволен од нивните првични одговори или дека првичните одговори се неточни (Howie, Kurukulasuriya, Nash & Marsh,

[21] Home Office. 2007. Achieving Best Evidence in Criminal Proceedings: Guidance on Interviewing Victims and Witnesses, and Guidance on Using Special Measures. London, England: Author. Available online: www.justice.gov.uk/downloads/victimsand-witnesses/vulnerable-witnesses/achieving-best-evidencecriminal-proceedings.pdf.
[22] Baladerian, N. 1997. Forensic Interviews Guidebook To Use With Suspected Assault Victims With Cognitive and/or Communication Impairments. Washington, DC: National Aging Resource Center on Elder Abuse.

2009; Howie, Nash, Kurukulasuriya & Bowman, 2012; Melinder, Scullin, Gravvold & Iversen, 2007).
Некои од протоколите за работа се против повторување на прашањето, па експлицитно го обесхрабруваат повторувањето, иако се чини дека прашањата се повторуваат во многу форензички интервјуа (La Rooy & Lamb, 2011). [23]

**Затворени и сугестивни прашања во форензичкото интервју**
Спроведените истражувања покажуваат дека децата често ги модифицираат нивните одговори кога прашањата се повторуваат сугестивно (Ceci & Bruck, 1995;Ceci & Friedman, 2000; Lion, 2002). На пример, Howie et al. (2012) утврдил дека 4-, 6- и 8-годишните деца биле посебно чувствителни ако забележат дека возрасните покажуваат некакво незадоволство и поради тоа го повторуваат прашањето, кое тие го доживуваат како имлицитна сугестија за промена на веќе дадениот одговор.
Експериментални и аналогните студии, исто така, укажуваат на тоа дека децата може да се спротивстават на нивните одговори кога се повторуваат затворените прашања.[24]

**Отворени прашања во форензичкото интервју**
Повторените прашања не мора да ја деградираат точноста на детските изјави, бидејќи токму тие се оние кои инспирираат подетални и точни одговори од страна на децата. (Jones & Pipe, 2002; Lamb, La Rooy, Malloy & Katz, 2011; Pipe, Lamb, Orbach & Esplin, 2004) и дека континуираното испитување со користењето на отворени прашања може да ја зголеми количината на добиени информации, благодарение на феноменот познат како реминисценција (Ердеј, 1996).[25]

**Интервју со деца со посебни потреби**
Вистински предизвик е да се открие и потврди сексуална злоупотреба на деца со посебни потреби поради нивните ограничени можности за комуникација. Деца со попреченост имаат 3.4 пати поголема веројатност да бидат злоупотребени (Sullivan, 2001),7 пати поголема веројатност да бидат злоупотребени од други (Westat, 1991) 4-10 пати поголеми шанси да бидат злоупотребени (Garbarino, 1989). [26]
Amerman (1989) направил истражување во кое од 150 деца со посебни потреби 30% биле злоупотребувани. Од нив во 40% од случаите децата биле жртви на неколкумина различни злоставувачи, а во 50% од случаите злоупотребата вклучувала и пенетрација. Овие деца се во ризик зошто злоставувачите ги знаат нивните отежнати комуникциски способности, а со тоа чувствуваат дека злоупотребата ќе биде многу тешко откриена.
Децата со посебни потреби често зависат од другите за облекување, одење во тоалет, за одржување на личната хигиена, со променување на годините и лицата кои се грижат за нив, се зголемуваат и шансите децата да бидат злоставувани токму низ овие активности. Тие немаат речиси никакви сознанија за нормално однесување, па често

[23] American Professional Society on the Abuse of Children. 2002. Practice Guidelines: Investigative Interviewing in Cases of Alleged Child Sexual Abuse. Chicago, IL: APSAC.
[24] Baladerian, N. 1997. Forensic Interviews Guidebook To Use With Suspected Assault Victims With Cognitive and/or Communication Impairments. Washington, DC: National Aging Resource Center on Elder Abuse.
[25] Brubacher, S., and La Rooy, D. 2014. Witness recall across repeated interviews in a case of repeated abuse. Child Abuse & Neglect.
[26] Macleod, E., Gross, J., and Hayne, H. 2013. The clinical and forensic value of information that children report while drawing. Applied Cognitive Psychology.

промените во нивното однесување после сексуалната злоупотреба се погрешно разбрани.[27]

- АКОГНИТИВНА инвалидност се однесува на ментален процес на распознавање, вклучувајќи аспекти како што се свест, перцепција, расудување и учење. Се однесува на нарушување на комуникацијата поради физичка пречка со што се нарушува нечија способност да пренесува информации и / или идеи.[28]

Жртвите со попреченост може да се сметаат за „жртви со ризичен кредибилитет" и затоа често не се интервјуирани.[29] Но податоците за зачестеноста на злоупотребите на кои се изложени бараат кон нив да се однесуваме како кон секоја друга жртва на злоупотреба и истите активно да бидат интервјуирани и вклучени во истрагата. Истрага која во себе не вклучува разговор со жртвата има помала вредност и се овозможува на сторителот да ја намали силата на случајот и да го негира стореното дело.

- КОГНИТВНО оштетување (или попреченост) кое не е поврзано со меморијата.

Луѓето со тешка ментална ретардација може да ги опишуваат во најситни детали злосторствата што се извршени над нив, вклучувајќи го името (ако е познато) на сторителот. Како и повеќето од населението, сепак, тие немаат точно помнење за неважни детали од секојдневниот живот, како што се: каков појадок имале пред неколку денови, каква облека носеле на себе и слично.[30]

Затоа за интервју со децата со посебни потреби се потребни социјални работници кои се посебно обучени за комуницирање со вакви деца низ цртежи и игра. Децата со посебни потреби некогаш си имаат свој систем на симболи и зборови, а токму промената на истите може да е показател на доживеана сексуална злоупотреба.

Сликите за комуникација со децата со посебни потреби не се користат само за интервју, туку социјалните работници може да ги користат и за превентивна работа и запозавање на децата со поимите на сексуална злоупотреба.[31]

**Интервју со родителите**

Интервјирањето на родителите на детето кое доживеало сексуала злоупотреба е корисно зошто со него се прибираат информации со кои детето ќе се охрабри за подобра соработка, за да се дознае ставот на родителите за случувањата, но и нивната способност да го заштитат детето од идни злоупотреби.

Емоционалната тензија која може да се забележи кај дел од семејството за време на интервјуто често е последица на гневот на родителите по откривањето на злоупотребата, но често е и потреба да се негираат реалните случувања. На родителите треба да им се објасни целта на интервјуто и доколку е во склоп на законите да им се гарантира приватноста.

Според Booth (1990) ова интервју има задача:

---

[27] Leah Davies – Helping the sexually abused child.

[28] Brubacher, S., and La Rooy, D. 2014. Witness recall across repeated interviews in a case of repeated abuse. Child Abuse & Neglect.

[29] Baladerian, N. 1997. Forensic Interviews Guidebook To Use With Suspected Assault Victims With Cognitive and/or Communication Impairments. Washington, DC: National Aging Resource Center on Elder Abuse.

[30] Home Office. 2007. Achieving Best Evidence in Criminal Proceedings: Guidance on Interviewing Victims and Witnesses, and Guidance on Using Special Measures. London, England: Author. Available online: www.justice.gov.uk/downloads/victimsand-witnesses/vulnerable-witnesses/achieving-best-evidencecriminal-proceedings.pdf

[31] Association for Protection of Children's Rights, (2004) "Lets Create an Environment Free From Child Sexual Abuse by Adults and Children in Public and Private Institutions in 10 Countries", 2004, http://www.zpd.org.mk.

- Дознавање на целата позадина на приказната од детето, детали за врската на детето со злоставувачот, но и детали за неговиот пристап кон детето после злоупотребата. Детали за промената на однесувањето кај детето после злоупотребата, но и нивно гледиште кога мислат дека се одиграла злоупотребата.
- Евалуација на односите во семејството и начинот на функционирање, неговото социо-економско минато, опкружување, културно минато, ставови за сексуалноста, промени во структурата на семејството, информации за распоредот за спиење, но и за возрасни кои го напуштиле семејството. Информации за историјата за ментални заболувања во семејството, дали родителите претрпеле некаков вид злоупотреба во детството, каков е нивниот став кон детето, дали го поддржуваат, дали го разбираат, дали веруваат во неговите изјави за злоупотреба, но и како влијаеле овие изјави на секојдневниот ритам во семејството.
- Евалуација на способноста на родителите да го заштитат детето, односно интервјуерот треба да дознае дали родителите со некое свое однесување го ставиле во ризик од злоупотреба детето и дали истите може да го заштитат од идна ревиктимизација. Семејството често се лути на децата зошто тие ја откриле злоупотребата, па дури и одрекува дека истата е случена, негирајќи ги некогаш и најцрстите докази. Вака тие може да го злоупотребат детето обвинувајќи го, со што детето може да биде додатно виктимизирано.
- Интервјуто не треба да и служи само на истрагата, тоа треба да има и терапевтски пристап, односно да одлучи дали на семејството му е потребно советување за надминување на оваа состојба. Ова може да вклучува индивидуална или групна терапија за детето, но и терапија или советување за родителите. Ова има посебно значење ако мајката и самата била жртва, а сексуална злоупотреба во детството затоа што тоа може да има влијание како ќе реагира на злоупотребата на детето.[32]

**Евалуација на интервјуто**

Опсервацијата на собраните податоци води до разбирање на ситуацијата посебно кога станува збор за помало дете. Но во оваа опсервација треба да се земе во предвид и говорот на телото на детето и невербалната комуникација. Паузите во зборувањето, стравот, ладноста на детето исто така треба да се земат во превид.

Исто така се разгледуваат и безбедносните услови за враќање во семејството, дали детето таму би било повторно емотивно и психички злоставувано или казнувано. Ако постојат оправдани сомнежи, социјалниот работник како одговорен за безнедноста на детето ги разгледува законските можности за отстранување на детето од домот, уредување на начинот на средби со семејството во такви услови.

**Избегување грешки**

Има три чести грешки кои може да предизвикаат проблеми во пристапот и третманот на злоставуваното дете.

- Преуранета интервенција – Пријавувањето на сексуалната злоупотреба често предизвикува криза во семејството. Професионалците кои се вклучени во случајот исто така може да избрзаат со своите реакции, во периодот кога има само сомневање за сексуална злоупотреба.
  Furniss (1990) добро ја означил разликата меѓу „првичните сомевања“ и „добро потковани второлиниски сомневања.“
  Прволиниските сомневања прво треба да бидат добро докуметирани и да водат

[32] Conte, J.(ed) (2002), Critical issues in Child Sexual Abuse:Historical, Legal and Psychologicalм perspectives ,London. Sage.

кон понатамошно собирање информации, но никако не смеат да бидат темел за итно интервеирање во семејството. Некогаш цртеж на мало дете на кој е претставен машки полов орган може да ја наведе учителката да се посомнева на злоупотреба, но ако без соодветни докази службата го нападне семејството ќе предизвика голем гнев и пореметување на текот на детството.

- Постојано предавање на случајот – некогаш е неизбежно предавање на случајот на друга институција, а токму тоа има потенцијал да го наруши контиуитетот на работа и доверба. За да се избегне ова на предавањето треба да бидат присутни двајцата професионалци и родителите за да се објсни целиот процес и да се одржи мостот на доверба и соработка.
- Конфликт меѓу професионалците – често професионалците кои се вклучени во случаите на сексуална злоупотреба имаат различен пристап, но секогаш тие мора интересите на детето да ги стават во прв план.[33]

**Дискусија**

Бројот на сексуално злоставувани деца на кои не им овмозможуваме соодветна институционална заштита по пријавуввањето на случајот, односно кои не добиваат соодветен третман за надминување на пост трауматскиот синдром постојано расне. Повеќекратните интервјуа со кои се соочуваат децата во текот на истрагата, непрофесионалните и сугестибилни заатворени прашања кои често резултираат со промена на изјавата на децата се повеќе од доволна причина за променување на целиот пристап на социјалните работници.

Водечката улуга која ја имаат како носители на заштитата и интересите на детето во прв план е терен за социјалните работници да започнат да ги применуваат во пракса светски признатите техники за работа со жртвите, за нивна заштита и за обезбедување квалитетна третманска интервеција.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


Administration on Children and Families (2010, January). *National incidence study of child abuse and neglect (NIS-4), 2004–2009.* Available at **http://www.acf.hhs.gov/programs/opre/research/project/national-incidence-study-of-child-abuse-and-neglect-nis-4-2004-2009**;

Alaggia, R. 2004. Many ways of telling: Expanding conceptualizations of child sexual abuse disclosure. Child Abuse & Neglect 2;

American Professional Society on the Abuse of Children. 2002. Practice Guidelines: Investigative Interviewing in Cases of Alleged Child Sexual Abuse. Chicago, IL: APSAC;

Association for Protection of Children’s Rights, (2004) “Lets Create an Environment Free From Child Sexual Abuse by Adults and Children in Public and Private Institutions in 10 Countries”, 2004, која можеда се најде на страницата http://www.zpd.org.mk, п 2008 година;


[33] Faller, K.C. (ed.). 2007. Interviewing Children About Sexual Abuse: Controversies and Best Practices. New York, NY: Oxford University Press.

Bacon, H. & Richardson, S. (eds) (2001), Creative responsesto child sexual abuse: challenges and dilemmas,London. Jesica Kingley;
Baladerian, N. 1997. Forensic Interviews Guidebook To Use With Suspected Assault Victims With Cognitive and/or Communication Impairments. Washington, DC: National Aging Resource Center on Elder Abuse;
Berliner, L., Hyman, I., Thomas, A., and Fitzgerald, M. 2003. Children's memory for trauma and positive experiences. Journal of Traumatic Stress;
Brubacher, S., and La Rooy, D. 2014. Witness recall across repeated interviews in a case of repeated abuse. Child Abuse & Neglect;
Brubacher, S.P., Malloy, L.C., Lamb, M.E., and Roberts, K.P. 2013. How do interviewers and children discuss individual occurrences of alleged repeated abuse in forensic interviews? Applied Cognitive Psychology;
Child Welfare – Trauma focused cognitive-behavioral therapy: Addresung the mental health of sexually abused children;
Cobley, C. (1995), *Child Abuse and the Law*, London. Cavendish;
Conte, J.(ed) (2002), Critical issues in Child Sexual Abuse:Historical, Legal and Psychologicalм perspectives ,London. Sage;
Cronch, L.E., Viljoen, J.L., and Hansen, D.J. 2006. Forensic interviewing in child sexual abuse cases: Current techniques and future directions. Aggression and Violent Behavior;
Danya Glaser & Stephen Frosh – Child sexual abuse;
David Williams – The language of sehual assauld;
Faller, K.C. (ed.). 2007. Interviewing Children About Sexual Abuse: Controversies and Best Practices. New York, NY: Oxford University Press;
Farrell, S.P. Hains, A.a – Cognitive-behavioral intervention for sexually abused children;
Hershkowitz, I., Orbach, Y., Lamb, M.E., Sternberg, K.J., and Horowitz, D. 2006. Dynamics of forensic interviews with suspected abuse victims who do not disclose abuse. Child Abuse & Neglect;
Home Office. 2007. Achieving Best Evidence in Criminal Proceedings: Guidance on Interviewing Victims and Witnesses, and Guidance on Using Special Measures. London, England: Author. Available online: www.justice.gov.uk/downloads/victimsand-witnesses/vulnerable-witnesses/achieving-best-evidencecriminal-proceedings.pdf.
Julie A. Lipovski – Threatment of child victim of child abuse and neglect;
Katharina Manassis – Cognitive-behavioral therapy with children;
Kim Oates – The spectrum of child abuse;
Lamb, M.E., Sternberg, K.J., Orbach, Y., Esplin, P.W., Stewart, H., and Mitchell, S. 2003. Age differences in young children's responses to open-ended invitations in the course of forensic interviews. Journal of Consulting and Clinical Psychology;
Larry e. Beutler, Rebecca A. Williams, Haidi A. Zetzer – Eficacy of treatment for victims of child sexual abuse;
Leah Davies – Helping the sexually abused child;
Macleod, E., Gross, J., and Hayne, H. 2013. The clinical and forensic value of information that children report while drawing. Applied Cognitive Psychology;
National Children's Alliance. 2011. Child-focused setting. In Standards for Accredited Members. Washington, DC: National Children's Alliance. Available online: www; nationalchildrensalliance.org/sites/default/files/download-files/ NCARevisedStandardsforMembers_0.pdf
Neville J. King – Sexually abused children suffering from post-thraumatic stress disorder: assessment and treatment strategies;
Paul Stallard – Cognitive- behavioral therapy workbook for children and young people;

Pereda, N., Guilera, G., Forns, M., & Gómez-Benito, J. (2009). **The international epidemiology of child sexual abuse: A continuation of Finkelhor (1994)**

World Health Organization, (2003),Guidelines for Medico-Legal Care for Victims of Sexual Violence", WorldHealth Organization, Geneva;

World Report on Violence against Children, 2006;

В. Лоренс Њуман - Опшествено истражувачкии методи;

Закон за правда на децата;

Нанев,Лазар и Илиевски,Јован и Јаковцевска,Лидија и Косевалиска,Олга (2014) Процедури за постапување со дете – жртва;

Виолета Чачева, Стојанка Мирчева UNICEF – „Запоставени и жигосани";

Димеска,Н,(2013) – Психосоцијален третман на деца жртви на полов напад, Магистерски труд, одбранет на Филозофски факултет во Скопје.